Трајан ГОЦЕВСКИ УДК: 37.014.54(497.7)

# СТЕКНУВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛЕН КАПИТАЛ ВО ЗНАЕЊЕ И НЕГОВАТА ЦЕНА НА ЧИНЕЊЕ-ПО ПРИМЕРОК НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"

***Кратка содржина***

*Поради промените во општествено-економските односи и воведувањето на нов економски систем, беа очекуваат сериозни промени и во сферата на економските односи во образованието. Оттука се поголема е потребата за истражување на економските аспекти на образовниот процес од сите негови аспекти. Како клучно прашање останува да се утврди цената на образовните услуги на универзитетите во Р. Македонија, која ја поднесуваат: државата; правните субјекти како и студентите индивидуално, да се утврдат изворите на средства за инвестирање во знаењето, да се утврди подносливиот износ на средства за нормално студирање и да се утврдат изворите на средства за формирање на студентскиот буџет.*

***Клучни зборови:*** *ОБРАЗОВНИ УСЛУГИ, ИНДИВИДУАЛЕН КАПИТАЛ, СТУДЕНТСКИ БУЏЕТ, ИНВЕСТИЦИИ ВО ЗНЕЊЕ.*

## Вовед

Во услови на пазарна економија знаењето, кое го поседуваат индивидуите, станува капитал од примарно значење. Затоа основната парадигма во неговата пазарна валоризација и понатаму останува утврдувањето на цената на чинење на тој капитал. Во таа насока треба да се проучуваат моделите на влогови што ја прави професионалната кариера на индивидуата зависна од нејзините лични карактеристики во услови на конкуренција на пазарот на работна сила, и моделите на понуда и побарувачка на образовните услуги во услови на пазарна економија. Притоа, појдовна основа треба да претставува, квалитетот, времетраењето на стекнувањето на знаењето и вложените средства за таа намена и тоа како од страна на индивидуата така и од страна на

државата и другите субјекти. Според тоа се проучува времетраењето на стекнувањето на знаењата, средствата кои се вложуваат од страна на корисниците на образовните услуги, намените на средствата кои се инвестираат во стекнувањето на знаењата, изворите на средства и како до нив доаѓаат корисниците и сл. Направена е анализа и за средствата кои за таа намена ги издвојува државата, но и ефектите на приватното самофинансирање. Посебно внимание посветуваме на утврдување на реалните потреби на секој поединец кој се определил да ползува образовни услуги на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## Индивидуалниот капитал и образованието

Реализација на проектот Стекнување на индивидуален капитал во знаење и неговата цена на чинење, произлезе од потребата за утврдување на економските параметри во процесот на стекнувањето на човековиот капитал

Македонската научна јавност, во последниве неколку години во одредени научно-специјализирани полиња (од општествените и хуманистичките науки), настојува да даде свој придонес во согледувањето и следење на проблемот на финасирањето на образованието, но сеуште не може да се зборува со една сеопфатна база на податоци и научно следење на оваа проблематика, која би репродуцирала плодна платформа за надминување на некои состојби кои го оптоваруваат процесот на стекнување на индивидуален капитал во знаење.

Од тие причини истражувањата одат во насока на општо посочување на проблемите од оваа област, со интерпретација на емпириските резултати, без искористувањето на можноста за длабинска анализа и откривање на причинско-последичните врски помеѓу појавите во општеството.

Во согласност со промените во општествениот систем и воведувањето на пазарната економија, се појави потребата за афирмација на знаењето како индивидуален капитал кој се стекнува низ образовниот систем.

Во реализацијата на проектот застанавме на нивото на научно-емпириска елаборација на проблемот кој е предмет на нашето истражување. Не ја изоставаме можноста за понатамошно инкорпорирање на резултатите во лонгитудинални истражувачки проекти, кои би ги продлабочиле сознанијата за одредени поспецифични компоненти од

финансирање на образованието и со практична примена во креирање на програми за развој за утврдување на изворите на средства за потребниот студентски буџет.

Појдовна основа за истражување на оваа значајна економска категорија е секако бројната состојба на корисниците на образовните услуги, кои во основа го креираат обемот и структурата на образовната побарувачка

Условите и критериумите за запишување студенти се базираат на правната рамка утврдена во Законот и во согласност со Правилникот за условите и критериумите за запишување на додипломски студии, како основа за конкурсите за запишување студенти во прва година. Со него, всушност се врши усогласување и регулирање на основните услови и критериуми за запишување студенти на Универзитетот, категориите студенти, преминувањето од една во друга категорија и слично, прашања кои се во директна надлежност на Универзитетот. За стабилна побарувачка на образовни услуги, решенијата на уписната политика треба да имаат подолгорочен карактер, да произлезгуваат од резултатите на проектот за уписната политика, за нив треба да се анимира и мислењето на идните студенти, на компетентни институции од сферата на образованието и други заинтересирани субјекти. Тоа во нашата досегашна пракса недостасуваше.




Извор: Проект-Стекнување на индивидуален капитал во знаење и неговата цена на чинење-на примерот на студиите на Универзитетот во Скопје.

Од графиконот 1 во однос на статусот на студентот во високообразовната институција се гледа дека најголем дел од студентската

популација која беше опфатена со истражувањето(2.460 студенти) се во категоријата редовни студенти 94%, додека 6% имаа статус на вонредни студенти. (2001/20002)

Графикон 2




Извор: Проект-Стекнување на индивидуален капитал во знаење и неговата цена на чинење-на примерот на студиите на Универзитетот во Скопје.

Од графикон 2 се гледа дека најголем дел од испиотаниците се во државна квота 74.90%, а само 25.10% се со поднесување на дел од трошоците.

Со Конкурсот за запишување студенти во прва година во учебната 2001/02 година, на факултетите на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, беше предвидено да се запишат **4356 редовни** студенти во рамките на квотата финансирана од државата, **362 вонредни** студента, односно вкупно **4718** студенти.

Во Конкурсот, беше предвидено запишување студенти **со кофинансирање**, и тоа вкупно **2856** студенти. Бројот на студентите во оваа категорија можеше да изнесува најмногу до бројот на студентите

финансирани од државата, а тој беше утврден со посебни одлуки на органите на факултетите, во согласност со нивните материјални, просторни, техничко-технолошки, кадровски и други услови за изведување на наставно-образовниот процес. Надоместокот за студирање на оваа категорија студенти може да изнесува најмногу до 1.500, односно до 1.000 г.м. во денарска противвредност, во зависност од видот на студиите. Износите на кофинансирање, според согледувањата на факултетите, со посебни одлуки се намалувани и тие фактички се движат од 300 до 1.500 г.м. Движењето на уписните квоти за студентите *чие студирање го финансира државата* во последниве пет години, може да се види од следнава табела:

***Табела 1***

| **учебна година** | **планиран број студенти** | | |
|---|---|---|---|
| | **редовни** | **вонредни** | **вкупно** |
| 1997/98 | 4256 | 332 | 4588 |
| 1998/99 | 4070 | 332 | 4402 |
| 1999/2000 | 4079 | 323 | 4402 |
| 2000/01 | 4083 | 324 | 4407 |
| **2001/02** | **4356** | **362** | **4718** |

Извор: Извештај на УКИМ

Во споредба со претходните години, во кои планираниот број студенти во квотата финансирана од државата се движи во исти рамки, во 2001/2002 се забележува негово зголемување од 273 редовни студенти. Од учебната 2000/01 година државата не ги финансира вонредните студенти, односно тие се запишуваат со самофинансирање на студирањето.

По **завршување на реализацијата на Конкурсот**, на факултетите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во сите категории, во прва година во учебната 2001/2002, се запишани вкупно **7.823 студенти, од кои 7.583 редовни и 240 вонредни студенти**. Изразено по категории студенти, бројот на новозапишаните студенти е следниов: *државна квота* – **4.751** редовни студенти; *со кофинансирање на студирањето* – **2.366** редовни и **240** вонредни студенти; *надвор од квотата по основа*

*на националносӣ* – **452** редовни студенти; *надвор од квоӣаӣа со завршен дел од средноӣо образование во сӣрансӣво* – **14** редовни студенти, од кои 6 во државна квота и 8 со кофинансирање на студирањето.

Следнава табела го покажува движењето на ***уӣисниӣе квоӣи*** објавени во конкурсите, кои се однесуваат на категоријата ***сӣуденӣи финансирани од државаӣа***, од една, и движењето на ***бројоӣ на зайишаниӣе сӣуденӣи во сиӣе каӣеīории***, од друга страна, во периодот 1996/97-2001/02 година:

***Табела 2***

| **учебна** | **број на студенти** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **редовни** | | **вонредни** | | **вкупно** | |
| **година** | **квота** | **запишани** | **квота** | **запишани** | **квота** | **запишани** |
| 1996/97 | 4205 | 5309 | 327 | 384 | 4532 | 5693 |
| 1997/98 | 4256 | 5700 | 332 | 381 | 4588 | 6081 |
| 1998/99 | 4070 | 6060 | 332 | 363 | 4402 | 6423 |
| 1999/2000 | 4079 | 6251 | 323 | 312 | 4402 | 6563 |
| 2000/01 | 4083 | 6956 | 234 | 225 | 4407 | 7181 |
| **2001/02** | **4356** | **7583** | **362** | **240** | **4718** | **7823** |

Извор: Извештај на УКИМ

Во табелата, **во вкупниот број запишани студенти** на Универзитетот, е прикажан бројот на запишаните студенти во сите категории (студенти финансирани од државата, студенти со кофинансирање на студирањето, студенти запишани надвор од квотата, по основа на националност и по основа на завршен дел од средното образование во странство. Анализите на уписната политика покажуваат тенденција на рапиден раст на бројот на студентите во категоријата со кофинансирање на студирањето, иако се работи за државни Универзитети. Зголемувањето на бројот на граѓани кои сакаат да студираат и се стекнат со индивидуален капитал-знаење, се должи на сознанијата за предностите што ги носи овој ресурс наречен човеков капитал, во услови на пазарна економија, но и на фактот што нама доволна понуда на работни места со средна стручна спрема, како и на се уште нецелосното покривање на трошоците за студирање од страна на студентите надвор од државната квота.

Анализата на уписот од учебната 2001/2002 година ги потврдува основните карактеристики, кои се повторуваат повеќе години, и тоа:

- масовниот интерес за студирање, само на одделни факултети, студии, студиски групи и насоки, и
- изразениот притисок на барања за зголемување бројот на категоријата студенти со кофинансирање на студирањето и давање согласност за тоа, без посериозни стручни анализи.

Следнава табела го покажува планираниот број студенти и бројот на запишаните студенти, според категории:

***Табела 3***

| | **број на студенти** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **категорија** | **редовни** | | **вонредни** | | **вкупно** | |
| **студенти** | **квота** | **запишани** | **квота** | **Запишани** | **квота** | **запишани** |
| државна квота | 4356 | 4751 | | | 4356 | 4751 |
| со офинансирање (300-1500ДЕМ) | 2856 | 2366 | 362 | 240 | | 2606 |
| надвор од квота по основа на националност | до % на застап. во вк. насел. | 452 | | | до % на застап. во вк. насел. | 452 |
| надвор од квота со завршен дел во странство | до 10% од државна квота | 6 | | 8 | до 10% од државна квота | 14 |
| **вкупно** | | **7583** | | **240** | | **7823** |

Извор: Извештај на УКИМ

**Во нашата земја, местото на живеење на студентите** во текот на студирањето секогаш претставувало голем финансиски товар за оние студенти кои што не студираат онаму каде што живеат. Добиените податоци покажуваат дека станува збор за круцијален проблем, поради тоа што повеќето од анкетираните студенти не живеат со своите родители. Од вкупниот број испитаници само 41.10% живеат со родителите.

Графикон 4




Извор: Проект-Стекнување на индивидуален капитал во знаење и неговата цена на чинење-на примерот на студиите на Универзитетот во Скопје.

Во продолжение се прикажани резултатите од стручниот дел од истражувањето на студентската популација.

**а. Индивидуални трошоци/вложувања за стекнување на индивидуален капитал во знаење**

Како рационално суштество, човекот постојано е изложен на потребата од донесување на одлука за употреба на средствата со кои располага, а кои по правило се ограничени. Затоа тој е приморан да одлучи: во што ќе инвестира, колку ќе инвестира и зошто ќе инвестира, како и да одлуќи да инвестира таму каде што очекуваната корист/добивка од вложените средства е најголема. Во натамошниот текст ќе се обидеме да ги квантифицираме инвестициите во човеков капитал врзани со одлуките на поединците- студенти, согласно резултатите од спроведената анкета.

Прашањето „Кој ви ги покрива трошоците за студирање?" им дава можност на испитаниците четири модалитети на одговори: родителите, примам стипендија, примам кредит и комбинирано од други извори.

Графикон 5
Кој ви ги покрива трошоците за студирање?




Извор: Проект-Стекнување на индивидуален капитал во знаење и неговата цена на чинење-на примерот на студиите на Универзитетот во Скопје.

Според податоците од графикон 5 се гледа дека најголемиот дел од трошоците за студирање паѓа на терет на студентите односно на нивните родителите 78.81%. Тоа покажува дека во семејстава во кои има студент, исто така се влошува економската состојба, бидејќи самите мораат да го финансираат студирањето. Неприфатливи се податоците кои зборуваат дека само 2.54% од испитаниците примаат степендија и 6.78% примаат кредит, што говори за слабата подлога која ја пружа општеството во финансирањето на идните носители на прогресот и оние кои во одреден период треба да го понесат севкупното живеење во државата. Само мал број од испитаниците 11.86% се изјасниле дека трошоците за студирање ги покриваат комбинирано од разни извори.

Истражувањето беше фокусирано и на прашањето кој е износот на пари кои студентот ги има на располагање во текот на еден месец. Тука, беше добиена следната струтура на одговори:

Имајќи сознанија за севкупните трошоци за нормално живеење, евидентно е дека студентскиот стандард е на многу ниско ниво, бидејќи во просек родителите за нив издвојуваат сума од 5.578,94 денари. Оние студенти кои имаат други извори од нив добиваат просечно 4220,45 денари, а студентите кои добиваат стипендии, таа просечно изнесува 1.736,36 денари и од кредит просечно 1.596,87 денари. При анализата на овие податоци секако дека е посебно важно дека најголем број од студентите не примаат стипендии или кредит и немаат дополнителни извори, како што покажува и коментарот на претходното прашање. Заклучокот би бил дека студентскиот стандард е на најниско ниво, на ниво на преживување.

Графикон 6




Извор: Проект-Стекнување на индивидуален капитал во знаење и неговата цена на чинење-на примерот на студиите на Универзитетот во Скопје.

На прашањето колку средства ви се потребни месечно, за нормален студентски живот, дадени се доста интересни одговори.

Испитаниците сметаат дека за нормален студентски живот им се потребни 8.016,69 денари, што е многу повеќе во однос на податокот дека од родителите добиваат просечно 5.578,94 денари. Податоците не би изгледале поразително доколку не би можеле да констатираме дека при давањето на ваков одговор, студентите не ги предвиделе само најосновните трошоци за живеење, што може добро да се согледа од потребите кои ги имаат кога тоа им е категоризирано (во прашањето 9), каде се селектирани потребите за храна, стан, превоз, книги, хигиена, забава, облека и друго. Ако ја пресметаме вкупната сума, во тој случај

за „нормален студентски живот„ се потребни 20.154,73 денари, што е за четири пати повеќе од она кое тие го имаат за живеење.

На прашањето дали средствата кои ги имате на располагање ви се: доволни, недоволни и неподнесливо малку ја имаме следната структура на одговори:

Средствата за живеење не им се доволни на 77.96% од испитаниците, а 13.55% се изјасниле дека се неподнозливо малку. Мал е процентот на оние кои се изјасниле дека им се доволно 23.72%. Овие податоци уште еднаш ја потврдуваат тезата за ниският животен стандард на студентите и потребата истиот да се зголеми, доколку сакаме да имаме и поголеми ефекти во студирањето.

Графикон 7

Дали средствата кои ги имате на располагање Ви се:




Извор: Проект-Стекнување на индивидуален капитал во знаење и неговата цена на чинење-на примерот на студиите на Универзитетот во Скопје.

Следното прашање се однесува на тоа колку и за што се трошат средствата со кои располагаат студентите. Од анализата на прашањето е добиена ваква структура на одговори на пооделните алтернативи: а) за храна 1912,82 ден/месечно, б) за стан 1483,53 ден/месечно в) за превоз 410.60 ден/мес г) за книги 910.96 ден/м д) за облека 1897,05 ден/м ѓ) за забава 1241,25 ден/м е) за друго 1022,39 ден/м.

Најголемиот дел од средставата со кои студентите располагаат ги трошат: за храна 1912,82 денари; за облека 1897,05 денари. за стан се 1483,53 денари, за забава 1241,25 денари, за друго 1022,39 денари, за книги 910.96 денари и за превоз 410.60 денари.

Податоците укажуваат на примарно задоволување на основните човекови потреби храната и облеката, а секако и сместувањето. За да согледаме колку е лоша состојбата ќе направиме само просто пресметување дека нашите студенти дневно просечно имаат 63.76 денари за храна.

Графикон 8




Извор: Проект-Стекнување на индивидуален капитал во знаење и неговата цена на чинење-на примерот на студиите на Универзитетот во Скопје.

За да се добие пореална претстава за тоа колку се потребни средства за нормално студирање: за храна, за стан, за превоз, за книги, за хигиена, за забава, за облека, за други трошоци.

Иако можеби во некои од категориите се добиени многу високи суми, треба да имаме во предвид дека се работи за млади луѓе, на кои во овој животен период им се многу важен. Така тие сметаат дека: за облека се потребни 5.792,58 денари, за сместување 4991.11 денари,за забава 3.320,63 денари,за храна 2207,89 денари, други трошоци 1339.71 денари, за превоз 992,70 денари, за хигиена 869.90 денари и за книги 640.21 денари.

Ваквите податоци се резултат на потребата на младите луѓе да се самоактуелизираат, поради што се спремни да не ги задоволуваат ни целосно биолошките мотиви, пред да ги задоволат своите лични

мотиви. Доколку би имале можност тоа навистина и да го имаат, во тој случај би можеле да очекуваме дека би имале позадоволни и поуспешни студенти.

Графикон 9




Извор: Проект-Стекнување на индивидуален капитал во знаење и неговата цена на чинење-на примерот на студиите на Универзитетот во Скопје.

## б. Директни трошоци од јавната потрошувачка наменети за стекнување индивидуален капитал во знаење

Во однос на средствата кои се издвојуваат за образовната понуда, од буџетот на Република Македонија за 2000, 2001 и 2002 година може да се забележи перманентно намалување што се потврдува и од следните податоци:

Буџети

| | основно обр. | средно обр. | високо обр |
|---|---|---|---|
| **2000 год.** | | | |
| **40-плати** | 3.766.057,00 | 1.528.670.484,00 | 1.063.945.000,00 |
| **42-стоки** | 330.570.619,00 | 121.006.214,00 | 126.117.936,00 |
| **44-трансфери** | 378.454.874,00 | 44.013.922,50 | 7.573.153,00 |
| **46-капит, тр.** | 94.988.479,00 | 39.615.561,00 | 38.000.000,00 |
| **47-капит, трансф.** | | | |
| **Вкупно** | **4.570.451.029,00** | **1.733.306.181,50** | **1.235.636.089,00** |
| **2001 год.** | | | |
| **40-плати** | 3.617.043.000,00 | 1.375.417.870,00 | 1.014.732.000,00 |
| **42-стоки** | 397.797.000,00 | 155.968.000,00 | 120.876.000,00 |
| **44-трансфери** | 195.000.000,00 | | |
| **46-капит, тр.** | 67.470.000,00 | 54.700.000,00 | 73.821.225,00 |
| **47-капит, трансф.** | | | |
| **Вкупно** | **4.277.310.000,00** | **1.586.085.870,00** | **1.209.429.225,00** |
| **2002 год.** | | | |
| **40-плати** | 4.006.058.000,00 | 1.642.243.000,00 | 1.002.285.000,00 |
| **42-стоки** | 536.663.000,00 | 236.531.000,00 | 105.001.000,00 |
| **44-трансфери** | 290.175.000,00 | 56.531.000,00 | 22.000.000,00 |
| **46-капит, тр.** | 66.803.000,00 | | 500.000,00 |
| **47-капит, трансф.** | | | |
| **Вкупно** | **4.899.699.000,00** | **1.935.674.000,00** | **1.129.786.000,00** |

Извор: Министерство за образование и наука

Во однос на ученичкиот и студентскиот стандард за тековните 2000, 2001 и 2002 година евидентен е мал прогрес. Но во однос на бројот на студенти овие разлики се секако повеќе од симболични. Ова илустративно се потврдува и во следната табела

| Учен. стандард | студ. стандард | наука науч. институт |
|---|---|---|
| | | |
| 81.816.459,00 | | 42.937.568,50 |
| 26.152.372,00 | | 5.778.249,50 |
| 68.587.799,00 | 312.099.960,00 | 98.369.086,00 |
| 22.214.769,00 | 20.000.000,00 | 27.871.333,00 |
| | | - |
| 198.771.399,00 | 332.099.960,00 | 174.956.237,00 |
| | | - |
| 80.102.607,00 | 692.130,00 | 127.885.393,00 |
| 28.165.000,00 | 17.300.000,00 | 7.134.000,00 |
| 70.000.000,00 | 286.500.000,00 | 167.396.000,00 |
| 21.000.000,00 | 48.000.000,00 | 30.000.000,00 |
| | | |
| 199.267.607,00 | 352.492.130,00 | 332.415.393,00 |
| | | - |
| 165.626,00 | 493.000,00 | 127.568.000,00 |
| 2.000.000,00 | 11.650.000,00 | 6.969.000,00 |
| 184.087.000,00 | 494.656.000,00 | 169.896.000,00 |
| 12.800.000,00 | 30.000.000,00 | 20.000.000,00 |
| | | - |
| 199.052.626,00 | 536.799.000,00 | 324.433.000,00 |

Извор: Министерство за образование

Од изнесените податоци може да се констатира дека е евидентен податокот дека студентите сметаат дека досегашниот модел на финансирање не е добар 51.22% и дека не е правичен 36.75%.

Тоа значи дека вкупно 87,97% од студентите не се воопшто задоволни од досегашниот начин на финансирање.

Многу е мал процентот на оние кои сметаат дека моделот е добар 8.97%, а уште помалку дека е правичен 2.56%, или вкупно 11.53%. Ваквите податоци го наметнуваат прашањето за поставување на нов модел за финансирање на студирањето, кој би требало да биде многу подобар и многу поправичен од оној кој го имаме денес.

Графикон 10




Извор: Проект-Стекнување на индивидуален капитал во знаење и неговата цена на чинење-на примерот на студиите на Универзитетот во Скопје.

Најголем дел од испитаниците се согласуваат дека државата треба да ги покрива сите трошоците (1570 испитаници (67.09%) . Од дргуга страна само 160 испитаници или 6.83% сметаат дека сите студенти да учествуваат во партиципацијата со што таа би се смалила, додека 25.64% од испитаниците сметаат дека комбинираниот модел е најприфатлив според кои подеднакво државата и студентите би учествувале во трошоците, а само 4.27% испитаници се на мислење дека студентите сами треба да ги покриваат сите трошоците за студирање.

Графикон 11




Извор: Проект - Стекнување на индивидуален капитал во знаење и неговата цена на чинење-на примерот на студиите на Универзитетот во Скопје.

Најзначајните и најконтроверзните промени од последниве неколку години во земјите на Европската унија претставуваат воведувањето на школарината и замената на грантовите со системот на заеми. Во Велика Британија студентите запишани на студии пред 1998, имаа можност да користат грантови и не биле обврзани да придонесуваат на било каков начин за школарината. Со воведувањето на Образовниот Акт во 1998, грантот кој што бил дизајниран за да обезбеди низа на поволности на носителот, заменет е со заем со што одговорноста се става кај студентите. Начинот на кој што се изведува целата операција е преку претходно тестираните средства за оценување, за да се плаќа школарина.

Финансирањето на основното образование, кое трае осум години и кое има карактер на задолжително образование, го врши државата преку републичкиот буџет. Одобрените средства за дејноста на основното образование се префрлаат на посебна сметка во Министерството за образование и наука како надлежен ресорен орган на Владата задолжен за образованието.

Интересно е да се напомене дека Законот за основно образование допушта можност средства за дејноста на основното образование да можат да се обезбедуваат и од други извори, како што се: средства од единиците на локалната самоуправа, подароци и сл. но кои мора да се користат исклучиво за намените за кои се обезбедени. Меѓутоа, бидејќи основното образование е задолжително за сите и е утврдено како јавен интерес на државата, скоро целосно се финансира од буџетот на земјата.

Министерството за образование е должно да изготви повеќе документи според кои ќе се врши финансирањето на дејноста на основното образование. Такви документи, покрај останатите се: програмата за остварување на дејноста, годишниот финансиски план, годишната пресметка за трошоците кои настануваат во воспитно-образовните институции и критериумите според кои ќе се врши распределбата на одобрените средства за основното образование од буџетот на државата.

Во Република Македонија за дејноста на основното образование во 2002 година се обезбедени средства во износ од 4.899.699.000 денари. Од овие средства скоро во целост се обезбедени од буџетот на државата. „Сметката“ за стекнување на индивидуален капитал во знаење, во овој степен на образование, за изминатите три години изгледа вака:

**Основно образование:**

| Година | Вкупно обезбедени средства | Вкупен број на ученици | Вкупно завршени ученици | Број на паралелки | Број на ученици во паралелка | Број на наставници на 100 ученика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2000 | 4.570.451.029 | 252.212 | 30.600 | 10.323 | 31 | 6 |
| 2001 | 4.277.310.000 | 244.740 | 31.483 (повторувачи 48) | 10.053 | 31 | 6 |
| 2002 | 4.899.699.000 | 237.581 | 30.582 (повторувачи 54) | 10.062 | 31 | 6 |
| во ЕУР | 74.511.978 | | | | | |

| Година | Обезбедени средства по 1 ученик | Обезбедени средства по завршен ученик (за 8 години) | Вкупно средства по 1 паралелка |
|---|---|---|---|
| 2000 | 18.121 | 149.361 | 442.744 |
| 2001 | 17.477 | 135.860 | 425.475 |
| 2002 | 20.623 | 160.215 | 486.950 |
| во ЕУР | 305 | 2.414 | 7.345 |

Извор: Гоцевски Т., 2004, Економика на образованието, Куманово, Македонска ризница

Од аспект на овој труд најбитно е како се формира образовната понуда за работници со ССС и со ВСС, и кој го финансира тоа?

Финансирањето на средното образование се врши на различни начини во зависност од видот на училиштата (јавни, кои ги основа Владата, приватни или на локалната самоуправа). Така, средствата за јавните средни училишта ги обезбедува државата преку својот буџет, средствата на останатите (приватни средни училишта) ги обезбедува основачот на тие училишта, а доколку единиците на локалната самоуправа се јават како основачи на средно училиште се должни да обезбедат и средства за неговата дејност.

Средствата за остварување на јавното средно образование ги обезбедува државата преку својот буџет. Определените средства за оваа намена се ставаат на располагање на Министерството за образование и наука, кое ги води на посебна потсметка за дејноста на средното образование.

Со Законот за средното образование е дадена можност училиштата од јавното средно образование да можат да остваруваат и други приходи и тоа од: партиципација на корисниците на услугите, продажба на производи и услуги кои се резултат на вршењето на дејноста, камати, дивиденди, легати, подароци и други извори. Средствата

добиени по основ на овие извори можат да се употребат за намени кои ги определува Владата на Република Македонија и тоа за унапредување, осовременување и развој на дејноста на јавните средни училишта.

За средното образование на Република Македонија, кое е сè уште јавно средно образование, за 2002 година се обезбедени средства во износ од 1.935.674.000 денари.

„Сметката" за стекнување на индивидуален капитал во знаење на овој степен на образование за 2000, 2001 и 2002 е следна:

**Средно образование:**

| Година | Обезбедени средства вкупно | Вкупен број на ученици | Вкупно завршени ученици | Број на паралелки | Број на наставници на 100 ученика |
|---|---|---|---|---|---|
| 2000 | 1.733.306.181 | 89.775 | 21.510 | 2.902 | 6 |
| 2001 | 1.586.085.870 | 92.554 | 22.724 | 2.950 | 6 |
| 2002 | 1.935.674.00 | 95.352 | 23.051 | 3.037 | 6 |
| во ЕУР | 28.482.742 | | | | |

| Година | Обезбедени средства по 1 ученик | | Обезбедени средства по завршен ученик | | Вкупно средства по 1 паралелка |
|---|---|---|---|---|---|
| 2000 | 19.307 | | 80.581 | | 597.279 |
| 2001 | 17.136 | | 69.797 | | 537.656 |
| 2002 | 20.300 | | 83.973 | | 637.363 |
| во ЕУР | 307 | | 1.270 | | 9.606 |

Извор: Гоцевски Т., 2004, Економика на образованието, Куманово, Македонска ризница

Финансирањето на високото образование кое досега има карактер на јавно образование, во најголем дел се врши преку буџетот на државата. Обезбедените средства се префрлаат на посебна потсметка за дејноста на високото образование и се ставаат на располагање на Министерството за образование и наука. Меѓутоа, со донесувањето на новиот закон за високо образование, и неговите измени донесени во 2003 г., е допуштена можноста за основање на високообразовни установи од страна на домашни и странски приватни лица, со што е отворена можноста и за финансирање на тие установи од страна на нивните основачи. Во согласност со новите решенија веќе функционираат Универзитетот на ЈИЕ во Тетово и ФОН во Скопје. Со тоа се создаваат услови за конкуренција а со тоа и подобар квалитет во високото образование во државата.

Според новото решение јавните потреби и интереси во доменот на високото образование се утврдуваат со програма која ја донесува Владата на Република Македонија. По правило, програмата за дејноста на високото образование треба да ги содржи следните елементи:

- целите на развојот на високообразовната дејност,
- правците на развој во кои спаѓа мрежата на високообразовните институции,
- потребните профили на кадри,
- бројот на наставниците и соработниците,
- просторот и опремата,
- стандардите за обавување на високообразовната дејност и
- обемот на средствата потребни за остварување на високообразовната дејност

Според тоа, усвојувајќи ја програмата за дејност на јавното високо образование, всушност, Владата на Република Македонија ќе го определи и обемот на средствата наменети за таа дејност.

Новина во измените на Законот за високото образование е и тоа што е формиран Совет за финансирање на високообразовната дејност, преку кој ќе се финансира дејноста на високото образование.

Советот за финансирање на високото образование, покрај средствата од републичкиот буџет ќе може да прибира средства и од други извори како што се: каматите, дивидендата, легатите, подароците, фондациите, партиципациите и сл.

За потребите на дејноста на високото образование во Република Македонија во последните години присутна е тенденција на постојано намалување на буџетските средства за финансирање на високото образование, од една страна, а постојано проширување на мрежата на високообразовни институции кои се финансираат од буџетот. Колкав е износот на средства што го издвојуваат индивидуите и државата за стекнување на индивидуален капитал во знаење во високото образование, може да се илустрира со следните показатели:

**Високо образование:**

| Година | Издвоени средства за високо образование | Броі на студенти | Броі на дипломирани студенти | Издвоени средства по 1 студент | Издвоени средства по 1 дипл. студент | Издвоени средства од студентите | Вкупно средства по 1 студент |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2000 | 1.235.636.089 | 36.922 | 3.740 | 33.466 | 330.383 | 50.202 | 83.668 |
| 2001 | 1.209.429.225 | 40.246 | 4.110 | 30.050 | 294.265 | 50.202 | 80.252 |
| 2002 | 1.120.786.000 | 45.000 | 4.600 | 25.106 | 245.005 | 50.202 | 75.308 |
| во ЕУР | 19.375.887 | | | 480 | 4.713 | 816 | 1.296 |

| Година | Вкупно средства издвоени по дипломиран студент | | | Колку му се потребни на дипломиран студент средства (за 4 години) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Студент | Држава | Вкупно | Студент | Држава | Вкупно |
| 2000 | 200.808 | 330.383 | 531.191 | 288.600 | 330.383 | 618.983 |
| 2001 | 200.808 | 294.265 | 495.073 | 288.600 | 294.265 | 582.866 |
| 2002 | 200.808 | 245.905 | 445.813 | 288.600 | 225.900 | 514.500 |
| во ЕУР | 3.265 | 4.713 | 7.978 | 4.692 | 4.713 | 9.005 |

| Година | Колку се издвоени средства по студент годишно | | | Колку се потребни средства по студент годишно | | | Недостиг на средства по студент |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Студентот сам | Држава | Вкупно | Студент или друг | Држава или | Вкупно | |
| 2000 | 50.202 | 33.466 | 83.668 | 72.150 | 33.466 | 105.616 | 21.948 |
| 2001 | 50.202 | 30.050 | 80.252 | 72.150 | 30.050 | 102.200 | 21.948 |
| 2002 | 50.202 | 25.106 | 75.308 | 72.150 | 25.106 | 97.256 | 21.948 |
| во ЕУР | 816 | 481 | 1.297 | 1.173 | 481 | 1.654 | 357 |

Извор: Гоцевски Т., 2004, Економика на образованието, Куманово, Македонска ризница

### г. Опуртунитетни трошоци

При стекнувањето на индивидуалниот капитал во знаење опортуните трошоци кои по природа се индиректни, играат многу значајна улога. Овие трошоци ја искажуваат вредноста на пропуштената алтернатива, а тоа е дали да се вработат со знаењето стекнато во средното образование и да заработуваат помала сума на пари, или да го одложат тоа и да продолжат со стекнување на знаења на Универзитетот. Притоа тие мора и да вложуваат средства за зголемување на индивидуалниот капитал во знаење, со очекување дека потоа ќе заработуваат повеќе и ќе ги валоризираат повеќекратно вложените пари и време додека студирале.

### Заклучок

Заклучните согледувања во овој истражувачки труд одат во неколку насоки:

Првата насока теeба да биде насочена кон анализа и вреднување на екстерните фактори присутни во високото образование, иако тие се во помала мерка присутни во високото отколку во основното и сред-

ното образование. Постои многу малку емпирија која што ќе овозможи еваулација на јачината на ефектите од ваквите екстерналии, чие што присуство е една од главните јустификации на државното финансирање на образованието.

Следната насока за државното финансирање е влијанието кое го има образованието врз еднаквоста. Степенот на субвенционирање кој што се нуди на студентите преку грантови, заеми или такси на дипломирање е проблем на постигнување на посакуваниот баланс помеѓу ефекасноста и еднаквоста.

Пазарот нема да се повикува на еднаквоста врз резултатите, доколку биде препуштен да функционира единствено врз своите правила. Аргументите кои што се нудат во постоечката литература повеќе се теоретски, без постоење на сериозен обид емпириски да се евалуира екстензијата до која сегашните и алтернативните аранжмани за финансирање влијаат врз еднаквоста.

Трето, трансмисија на сигнали од пазарот на трудот преку образовниот систем и кон идните консументи на образованите услуги, треба да се истражи. Доколку механизмите на планирање со човековите ресурси бележат неуспех, мора да се пронајдат решенија. Тоа значи прифаќање на поинтервенирачка форма на планирање или обструкциите за јасна перцепција на сигналите од пазарот на трудот мора да се отстранат.

(Рецензент: *проф. д-р Зоран Велковски*)

Trajan GOCEVSKI

## INDIVIDUAL CAPITAL IN KNOWLEDGE AND ITS COST

### Abstract

*Due to the changes in the socio-economic relations and the introduction of a new economic system, serious changes are expected in the economic sphere of education. Therefore, there will be a great need for research of economic aspect in*

*the overall education process. It is expected to be established the price of educational services at the University in Skopje, which are covered by the students themselves, resources for investment in knowledge, to establish acceptable amount of resources for normal studying and the sources for creation of the student budget.*

***Key words:*** *EDUCATIONAL SERVICES, INDIVIDUAL CAPITAL, STUDENT BUDGET, INVESTMENT IN KNOWLEDGE.*